Јавна установа
Institucioni publik
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ
QENDRA KULTURORE PËR FËMIJË KARPOSH
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Број/numër 08-99
Дата/data 17.02.2026

детски културен центар
КАРПОШ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

# НА

# ЈУ. ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА

СКОПЈЕ, 2026

## ВОВЕД

ЈУ. Детски културен центар - Карпош е реномирана градска институција, со традиција повеќе од седум децении.
Детскиот културен центар - Карпош спроведува креативни, модерни и интерактивни програми, секции и работилници кои ги следат социјалните појави и трендови, во согласност со интересите на децата и младите. За време на своето постоење, Детскиот културен центар - Карпош зачува сè што е добро и го надополнува со современи методи на работа, следејќи ги потребите и желбите на корисниците.
Насочен кон истражување и откривање на потенцијалот и талентите на децата и младите во сите области на културата, Детскиот културен центар - Карпош се стреми да комуницира директно со децата и младите преку своите активности и секции, насочувајќи ги кон стекнување потреба од уметничко искуство, знаење и забава.
Детски културен центар - Карпош користи едукација, вмрежување, децентрализација на активности како клучни инструменти, создава знаење и производи на уметничка активност, пренесува знаење од други средини во средината во која работи и е отворен за нови решенија и нови културни и уметнички области. Детски културен центар - Карпош е референтна институција во областа на меѓународната културна соработка во областа на детската уметност и култура и е организатор и реализатор на повеќе детски меѓународни манифестации за деца и млади во земјата.
Детски културен центар - Карпош ги насочува своите активности пред се кон основната целна група, децата и младите, како директни потенцијални корисници, потоа кон нивните родители и другите учесници во развојот на културните потреби, стручни соработници од областа на културата и образованието за деца и млади.

Директор
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

# *ЛИЧНА КАРТА НА ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ*

Локација




Основни информации

Адреса: бул. Илинден број 53, 1000 Скопје

## *МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ*

- Центарот се состои од два ката и сутерен  во вкупна површина на зградата од 540м2
- Дворот е со површина од околу 490 м2 и е хортикултурно уреден.

- **Вкупен број на простории во центарот: 11**

Канцеларии: 5

1. Сали за изведбени активности 2

2. Експериментална лабараторија 1
3. Просторија за музички активности 2
4. Просторија за ликовни активности 1

## МИСИЈА

Позиционирање во општеството на културни и воспитно - образовни активности за деца и млади, преку иновации и следење на современи трендови во културата и личниот развој кај децата и младите.

## ВИЗИЈА

Зајакнување на позицијата на врвот на пирамидалната структура во системот на институции кои се занимаваат со култура за деца и млади, што систематски ќе даде конкретен придонес кон развојот на креативноста и ќе постави стандарди во развојот на креативна, иновативна и холистичка личност кај деца и млади.

## МОТО

Квалитетното минато слободно време на децата е темел за нашата подобра иднина!..
БИДИ ДЕЛ ОД НАС!

## ПРИНЦИПИ

Во извршувањето на дејноста која е од јавен интерес, се почитуваат следниве принципи:

- ✓ сигурност во давањето на услугите,
- ✓ континуитет и квалитет на услугата,
- ✓ транспарентност, достапност и заштита на корисниците,

ЈУ. Детски културен центар – Карпош е детска установа со традиција повеќе од 77 години. Досегашната девиза на Карпош беше и останува да се биде постојано присутен и актуелен центар на децата и младите во градот Скопје и пошироко. Нашиот магичен прозорец кон иднината е проширена дејност и надградба на досегашната работа и различни активности со сите атрибути на младоста која има еруптивен карактер. ЈУ. Детскиот културен центар - Карпош преку културни настани, секции и работилници ги интегрира децата од предучилишна до 17 годишна возраст во активностите на Центарот, а преку него ги интегрира во општествениот живот на градот и државата, односно овозможува дидактички прилагодена интеграција на децата во културно-општествениот живот. Индивидуалниот развој на децата е насочен кон остварување долгорочна општествена стабилност и сигурност, преку креативни, педагошки, забавни и креативни активности.

Основата на Центарот ја сочинува масовното членство на децата во него и разновидните содржини кои тој ги нуди и обезбедува со постојана подготвеност за развој, следејќи ги потребите и интересите на децата. Со ова се наложува неопходноста од создавање препознатлива и трајна физиономија на Центарот на сите нивоа од општествениот живот со тежиште тој да прерасне во функционална заедница на децата и спрега помеѓу нив и етаблираното општество. Со тоа се овозможува едноставен и брз пристап на децата до сите интересни сфери за нив, но обратно, се отвара можност за активна партиципација на сите општествени структури во Центарот.

Од своја страна Центарот ги усвојува и ги развива современите едукативно-педагошки содржини и форми преку постојан контакт со исти или слични организации во земјата и надвор од неа и преку следењето на постоечките трендови во интересните области. Вака Центарот добива димензија на долгорочен културно - општествен едукатор за децата.

Центарот ги дефинира вредностите во општеството преку размена на искуства со организации од сличен карактер, НВО и економски субјекти и дидактички ги аплицира во својата секојдневна работа.

Поконкретните задачи се од типот на проширување на активностите на Центарот во насока на Европските стандарди со осмислено вреднување и изведување.

За активностите на Центарот во смисла на негово презентирање во градот, земјата и странство ќе се исползува секој настан на општинско, градско и државно ниво каде што има можност за негова афирмација и популаризација. Со сублимирање на сите квалитетни активности од училиштата во градот, Центарот има функција на призма преку која се врши своевиден пресек на степенот на културно-општествениот развој на децата во училиштата.

Исто така, од сериозно значење е постојаното систематско и професионално присуство на Детскиот културен центар - Карпош во сите медиуми како во вид на презентација на Центарот, така и со сопствени активности, а од уште поголемо значење за него е осмислувањето и спроведување стратегија за привлекување донатори, спонзори, волонтери и поддржувачи на Детскиот културен центар - Карпош.

- ДКЦ Карпош со сите свои проекти и манифестации го промовира македонското културно наследство и воопшто културата, со цел збогатување на културната програма за проектот Скопје - Европска престолнина на културата 2028.

Севкупните активности на Детскиот културен центар-Карпош се изразуваат преку следните секции:

| СЕКЦИИ | РАБОТИЛНИЦИ |
|---|---|
| | |
| ФОЛКЛОРНА | ЕТНО КРЕАТИВНО КАТЧЕ |
| БАЛЕТСКА | ФИЛОЗОФСКА РАБОТИЛНИЦА |
| ЛИКОВНА | КВИЗ БАМБИНИ |
| ИЗУЧУВАЊЕ НА КЛАСИЧНА ГИТАРА | |
| ИЗУЧУВАЊЕ ТАПАН, КАВАЛ, ГАЈДА... | |
| ИЗУЧУВАЊЕ НА КЛАРИНЕТ | |
| ПИНГ - ПОНГ | |
| ШАХ | |
| ДРАМСКА СЕКЦИЈА | |
| МУЛТИМЕДИЈАЛНО ТВОРЕШТВО | |
| СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА | |

Покрај редовно одржување на секциите, ЈУ. Детскиот културен центар – Карпош реализира и внатрешни и надворешни манифестации:

| ***ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ ОРГАНИЗИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ОД ДКЦ - КАРПОШ*** | ***НАДВОРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОДДРЖАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ*** |
|---|---|
| | |
| ПОДКАСТ- Детски светови | Фестивал за детски мјузикли |
| Настап на фолклорниот ансамбл на ДКЦ „Карпош“ | Ритамот на чаршијата |
| Играм и пеам за мојата мајка | Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ |
| Едукативна шаховска работилница | Инструментите на моите предци |
| Турнир во шах | Фестивал за класичен балет и модерен танц |
| Одбележување на Светскиот ден на пинг - понг | Меѓународен фестивал на класична гитара -Тремоло |
| Одбележување на Денот на пингвините | Работилници за креативно менторство |
| Етно креативна работилница со учениците од ООУ „Вера Јоциќ“ | ЗОО приказни 1 |
| Посета на ДКЦ –Карпош на учениците од ООУ „Драга Стојановска“ | Меѓународен детски фолклорен фестивал - Оро без граници |
| Цртање на асфалт | Локален семинар КреАрт |
| Годишен завршен Јавен час | |
| Летни активности-Летна радост во Карпош | |
| Движи се за здравје | |
| Квиз Бамбини | |
| Бела ноќ | |
| Ученичка квизотека | |
| Солистички концерт на класична гитара-Коста Давчевски | |
| Настап на фолклорниот ансамбл на ДКЦ | |

| | |
|---|---|
| „Карпош“- Куманово | |
| Го градам мојот град | |
| Шаховски турнир „Млади генијалци“ | |
| Спорт без пречки | |
| Игри без граници-играта нема граници | |
| Новогодишен Јавен час- класична гитара и кларинет | |
| Новогодишен Јавен час | |

Во понатамошниот текст поткрепено со текст и фотографии е претставена работата на ДКЦ - КАРПОШ за 2025 година.

# I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

1. „Фестивал за детски мјузикли“
2. „Ритамот на чаршијата“
3. „Фестивал на детска креативност“ -ТРАМБОЛИНИ
4. „Инструментите на моите предци“
5. „Фестивал за класичен балет и модерен танц“
6. „Меѓународен фестивал на класична гитара“ -Тремоло
7. „Работилници за креативно менторство“
8. „ЗОО приказни 1“
9. „Оро без граници“
10. Локален семинар - КреАрт

## II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

1. ПОДКАСТ- Детски светови
2. Настап на фолклорниот ансамбл на ДКЦ „Карпош“
3. Играм и пеам за мојата мајка
4. Едукативна шаховска работилница
5. Турнир во шах
6. Одбележување на Светскиот ден на пинг - понг
7. Одбележување на Денот на пингвините
8. Етно креативна работилница –ООУ „Вера Јоциќ“
9. Етно креативна работилница –ООУ „Драга Стојановска“
10. Цртање на асфалт
11. Годишен завршен Јавен час
12. Летни активности-Летна радост во Карпош
13. Движи се за здравје
14. Квиз Бамбини
15. Бела ноќ
16. Ученичка квизотека
17. Солистички концерт на класична гитара-Коста Давчевски
18. Настап на фолклорниот ансамбл на ДКЦ „Карпош“- Куманово
19. Го градам мојот град
20. Шаховски турнир „Млади генијалци“

21. Спорт без пречки

22. Игри без граници-играта нема граници

23. Новогодишен Јавен час- класична гитара и кларинет

24. Новогодишен Јавен час

# III. СЕКЦИИ И РАБОТИЛНИЦИ ВО ДКЦ КАРПОШ

## СЕКЦИИ

- Фолклорна секција
- Балетска секција
- Ликовна секција
- Изучување на кларинет
- Изучување на класична гитара
- Изучување традиционални инструменти тапан, кавал, гајда
- Мултимедијално творештво
- Пинг-Понг
- Шах
- Драмска секција
- Сценски движења

## РАБОТИЛНИЦИ

- Етно креативно катче
- Филозофска работилница
- Квиз Бамбини

# I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

## 1. Фестивал за детски мјузикли

Оваа година по втор пат ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ го организираше и реализираше проектот „Фестивал на детски мјузикли“ кој се одржа од 3 до 5 јуни 2025 година, каде публиката можеше да ужива во живи изведби од светски познати детски приказни, нудејќи возбудлива можност за публиката од сите возрасти да ја доживеат магијата на мјузиклот.

На 3 јуни од 18:00 часот премиерно беше изведен мјузиклот „Аладин и волшебната ламба“ кој беше изведен на македонски јазик од талентираните членови на Студиото за детски и младински мјузикли Бродвеј Јуниор од Скопје. На 4 и 5 јуни се изведоа мјузиклите „Аладин и волшебната ламба“ на македонски јазик и „Убавицата и ѕверот“ кој беше изведен на англиски јазик од ученици од Интернационалното училиште QSI во Скопје.

Веруваме дека овој фестивал ќе расте од година во година и ќе прерасне во меѓународен настан,“ изјави директорката на ДКЦ Карпош д-р Билјана Лалчевска Серафимовска. Град Скопје го поддржа и оваа година фестивалот, истакнувајќи ја културната и едукативната вредност на музичкиот театар за младата публика.

Како уметнички раководител на фестивалот и хорски дригент на двата детски мјузикли е Наташа Јанкова која е прва во државата која го промовира мјузиклот како сплет од уметности и со голема љубов, страст и ентузијазам им го пренесува на младите генерации.






BROADWAY









## 2. Ритамот на чаршијата

Во Старата скопска чаршија од 17-ти до 19-ти јуни ЈУ. Детски културен центар – Карпош со поддршка на Град Скопје по втор пат ја реализираше манифестација „Ритамот на чаршијата“.

Старата скопска чаршија е најголемата чаршија на Балканот која претставува заштитен национален симбол и една од најголемите атракции на Скопје. Целта на Ритамот на чаршијата е да ја заживее чаршијата од еден поинаквов агол, во духот на ритамот.

Чаршијата плени со мали дуќанчиња, занаетчиски објекти, верски објекти, чајџилници, ресторани, музеи и амами кои се само дел од обликуваноста на просторот и времето од убавината на Старата чаршија во Скопје и затоа таа е една која што е меѓу најпосетуваните локации од страна на туристите и локалните жители. Самата прошетка низ нејзините калдрмени улици е магија преку која овде сѐ уште може да се почувствува минатото – духот на градот. Чаршијата сѐ уште живее во духот на традицијата, во себе криејќи приказни за едно минато кое и денес оставило белег.

Оваа година се популаризираа објектите Сули Ан и Музеј на македонската борба. Публиката на 17.06 од 19.00 часот во Сули Ан го почуствува ритамот на чаршијата преку чалгиската музика на Тимчо Чичаковски-трио, а на 19.06 од 19:00 часот со свој концерт на пијано се претстави Јован Станковиќ, млад талентиран ученик во ДМБУЦ Илија Николовски Луј во класата на проф. Весна Ангелова Христов. Специјален гостин на концертот беше Никола Соколовски на кларинет.

И оваа година во Сули Ан и Музеј на македонската борба се почувствува ритамот преку концерти од сите жанрови.








ЧАРШИЈАТА




РИТАМОТ НА



## 3. Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ од 27 мај до 3 јуни 2025 година како и секоја година успешно го организираше и реализираше Фестивалот на детската креативност „Трамболини“.

По шести пат фестивалот „Трамболини“ се преточи во неисцрпен извор на креативност, кој преку едукативни и креативни работилници ја разви креативноста, креативните вештини, фантазијата и љубопитноста кај децата со понудените разнолики работилници.

На фестивалот учествуваа деца и млади на возраст од 7 до 17 години, каде совладаа нови техники на креативно изразување на забавен и креативен начин. На овој фестивал децата уживаа и ја покажаа својата креативност во работилниците за личен развој, изработка на моден детал од глина, работилница на турски јазик, ликовна изложба-КИЦ, изработка на креативна торбичка, работилница насловена како „Временски патници-Музејот на современа уметност “ и за крај на фестивалот, вистинско изненадување предизвика детскиот мјузикл на македонски јазик „Аладин и духот од волшебната ламба“ во изведба на талентираните членови на Студиото за детски и младински мјузикли Бродвеј Јуниор од Скопје,.

Како што напоменавме работилниците беа од различни области и се реализираа на различни локации низ Град Скопје.

Фестивалот Трамболини беше поддржан од Град Скопје, а како помагатели на овој фестивал се Виталиа која е верен наш поддржувач сите овие години со своите здрави производи и Мауа вода која обезбедува разладување за сите учесници и посетители од постоењето на фестивалот.

Оваа 2025 година по шести пат на фестивалот за детска креативност Трамболини повторно видовме насмеани, среќни детски лица кои станаа побогати со знаење од областа на културата и уметноста.






HAPPY LITTLE ADVENTURES










HAPPY LITTLE ADVENTURES


HAPPY LITTLE ADVENTURES
наскоро...
2025
ТРАМБОЛИНИ
ДЕТСКИ
ФЕСТИВАЛ
НА КРЕАТИВНОСТ








HAPPY LITTLE ADVENTURES
наскоро...








BROADWAY

## 4. Инструментите на моите предци

Со звукот на гајда, хармоника, тамбура, кавал, кларинет, тапан, заврши музичкиот натпревар „Инструментите на моите предци“ , натпревар на класични и народни традиционални македонски инструменти, наменет за деца и млади од 10 до 18 години. „Инструментите на моите предци“ со изворните ноти ја одведоа публиката во различни предели и региони од нашата држава и преку народните изворни инструменти раскажаа приказни кои зборуваат за минатото во сегашноста и ја градат иднината поставувајќи нови темели за збогатување на културното наследство.

Со овие натпревари ДКЦ – Карпош има цел да ја развие желбата и љубовта на децата и младите за изучување на народни изворни инструменти, а токму преку нив се продолжува традицијата од нашите предци и се остава аманет за идните поколенија.

Оваа година Гран при наградата заслужено отиде во рацете на машкиот оркестар „Наши ноти“.

„Инструментите на моите предци“ кој е поддржан од Град Скопје по седми пат се одржа на 01.06.2025 година во Големата сала на ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ од 09:30 часот.




ИНСТРУМЕНТИТЕ
НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS
OF MY ANCESTORS


ФЕСТИВАЛ-КУЛТУРНО НАТПРЕВАРУВАЊЕ
НА ИЗВОРНИ И КЛАСИЧНИ ИНСТРУМЕНТИ
ИНСТРУМЕНТИТЕ
НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS
OF MY ANCESTORS




ИНСТРУМЕНТИТЕ
НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS
OF MY ANCESTORS


ИНСТРУМЕНТИТЕ
НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS
OF MY ANCESTORS



## 5. Фестивал за класичен балет и модерен танц

ЈУ. Детскиот културен центар – Карпош со успешна организација и реализација го заврши петтото јубилејно издание на Фестивалот за класичен балет и модерен танц кој се одржа од 10 – 12 јуни 2025 година. Овој балетски фестивал е единствен од ваков тип кај нас, кој е референтна точка за сите вљубеници во балетската уметност и современиот танц, нагласи директорката на ДКЦ Карпош, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска и со овие зборови го прогласи фестивалот за отворен. Наградата за животно дело оваа година постхумно беше доделена на Ѓорѓи Македонски, основоположник на балетската уметност во нашата држава, а наградата со големо задоволство, среќа и солзи во очите ја прими неговата внука. Од оваа година организацискиот одбор на фестивалот едногласно одлучи наградата да биде именувана „Ѓорѓи Македонски“ и истата и беше доделена на Рисима Рисимкин за авангарден претставник во современата танцова едукација и творештво.

На 10 јуни во 20:00 часот со настапот на малите балерини, членови на балетската секција при ДКЦ Карпош свечено се отвори овој единствен фестивал. Покрај двете фестивалски вечери се одржаа и две работилници посветени на класичниот балет и модерниот танц. Извонредни и талентирани танчери, балерини, уметници… Спој на луѓе кои живеат и придонеле за македонската танцова уметност и оние кои ќе бидат иднината на танцовата уметност. На двете фестивалски вечери пред публиката настапија, балерините при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј”, гостите од странство Istanbul Junior Ballet од Турција и Канада, Катедрата за Современ танц и Балетска педагогија при УГД – Штип, балетско студио Балерина и солисти од Националната опера и балет.

Статуетките и оваа година беа изработени специјално за Фестивалот за класичен балет и модерен танц од M Art Gallery, а како поддржувачи оваа година беа и Mayo store, а учениците од СУГС „Димитар Влахов“ се погрижија за шминката и фризурите на дел од учесниците.

Фестивалот се организираше со поддршка на Градот Скопје како и Министерството за култура и туризам на РСМ.




КЛАСИЧЕН БАЛЕТ
И МОДЕРЕН ТАНЦ
Ѓорги Македонски




















## 6. Меѓународен фестивал на класична гитара -Тремоло

ЈУ. Детскиот културен центар „Карпош" со поддршка на Град Скопје успешно го организираше и реализираше 16-то издание на Меѓународниот фестивал на класична гитара „Тремоло" 2025 кој се одржа од 19.05 до 22.05.2025 година.

Овој спектакуларен фестивалот минатата година го прослави своето 15-то јубилејно издание кој години station наназад на едно место ги обединува љубителите на класичната гитара, студентите и професорите од Скопје, од државата, но и од светот. Во текот на изминатите години овој единствен фестивал кај нас, прерасна во престижен културен настан кој сведочи за присуството и појавата на сé поголем број светски познати уметници специјализирани за класична гитара.

Оваа година на Фестивалот по класична гитара „ТРЕМОЛО“, скопската публика имаше можност да ужива во две концертни вечери на кои настапија светски познати гитаристи.

Првиот концерт се одржа на 19 мај во Музејот на македонската борба од 19:30 часот на кој настапи младиот класичен гитарист Павле Филиповиќ од Србија. Вториот концерт се одржа на 20 мај од 19:30 часот во Националната филхармонија каде скопската публика уживаше во вистински музички спектакл на кој настапија гостите од Шпанија „Хиспано“-фламенко вечер. Шпанската вечер заврши со посебно изненадување за публиката со настапот на Мартина Кара која испеа две песни една на шпански јазик и македонската легендарна песна Јовано Јованке. На двата концерти, во полните сали, скопската публика уживаше во два прекрасни и спектакуларни настапи. Покрај двете концертни вечери, во текот на овој музички фестивал се одржаа мастер часови и работилници од областа на класичната гитара и фламенко.

На вториот концерт во Националната филхармонија бевме почестени со присуство на гости - Абасадори од неколку странски Амбасади во нашата држава. Концертот го отворија Директорката на ДКЦ Карпош, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска и Амбасадорот на Кралството Шпанија Рафаел Сорijано Ортиз (Rafael Soriano Ortiz).

Меѓународниот фестивал на класична гитара „Тремоло" 2025 е културен настан кој со години со својата автентичност ги обединува љубителите на класичната гитара и со изборот на гости и нивните изведби и концерти во текот на изминатите години, ДКЦ Карпош придонесува овој престижен настан да биде препознатлив со својата уникатност, кај нас и во светот.




Tremolo
Skopje


Tremolo
Tremolo




Tremolo
ФЕСТИВАЛ ЗА ГИТАРА




Tremolo

# 7. Работилници за креативно менторство

Со поддршка на Град Скопје од 15 до 30 мај се реализираше проектот Креативно менторство-работилници. Работилниците за КРЕАТИВНО МЕНТОРСТВО се наменети за ученици од основните и средните училишта на Град Скопје и имаат за цел да ја сублимираат креативноста и креативните потенцијали како основа за понатамошен успешен раст и развој на младите.

Низ серија предавања и практична работа се постигнува повисоко ниво на креативност и инвентивност кај сите пријавени учесници со кои работеа експерти - ментори. Целта на секоја работилница е да финализира со готов производ, а понатаму следи промоција, презентација, поврзување со можни стопански субјекти. На овој начин учениците имаа можност да се вклучат во целокупниот процес на креирање и создавање т.е од идеја до реализација на идејното решение - производ.

Оваа година младите имаа можност да се запознаат со рециклирање на отпад и пренамена во накит, како и со линорез-Врежан израз на младинската креативност.


















Vermont



## 8. ЗОО приказни 1

Во ЈУ. Детски културен центар - Карпош на 3 јули 2025 година во 11:00 часот започна со реализација и незаборавна промоција на едукативниот книжевен проект насловен како „ЗОО приказни“. Со нови раскази преточени во анимиран филм за животните кои се жители на Зоолошката градина-Скопје се промовираше мултимедијалниот проект „Зоо приказни“ на кој главен покровител е Град Скопје.

Целта на овој книжевен едукативен проект е најмладата публика преку приказни освен што ги запознаваат животните и нивните живеалишта исто така да се едуцираат и за културата на однесување во Зоолошката градина, како и начинот на исхрана на истите.

На наше големо задоволство, но и на големо задоволство за најмладата публика, промоцијата на приказните за животните се реализираше успешно. Преку едукативни приказни, кои содржат моќни пораки, како што се љубопитност, доверба и различност, децата се едуцираа за животните за кои беа наменети приказните односно во какви услови живеат и од кој континент се пристигнати.

Искрено веруваме дека со презентирање на овој мултимедијален проект ќе ја подигнеме свеста кај најмалите, а воедно и кај сите посетители на Зоолошката градина и дека повторно предизвикавме радост кај најмладата публика.




ПРИКАЗНА
ДОВЕРБА


ПРИКАЗНА
ЉУБОПИТНОСТ


ЗОО СКОПЈЕ
ПРИКАЗНА
РАЗЛИЧНОСТ


Корен
Минерали
Вода






Сончева
Светлина
Сончева Енергија
Гликоза
Јаглерод
Диоксид
Кислород
Корен
Минерали
Вода


Сончева
Светлина
Сончева Енергија
Гликоза
Јаглерод
Диоксид
Кислород
Корен
Минерали
Вода

## 9. Оро без граници

Успешно заврши уште едно издание на Меѓународниот детски фолклорен фестивал „Оро без граници“, кој своите почетоци ги бележи во далечната 1991 година. ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ под покровителство на Град Скопје, традиционално по 34 пат го организираше и реализираше овој спектакуларен детски фолклорен фестивал кој повеќе од 30 години ги соединува децата од повеќе вери и националности и со тоа го негува мултикултурното пријателство помеѓу децата особено преку раскошните костими и традиционалните ора.

Фестивалот започна со еден од главните и најсимболични моменти на фестивалот, а тоа е дефилето на учесниците, кое тргна од Центарот во 18:30 часот и од сите учесници се формираше најголемото оро, оро кое не познава граници, оро кое е симбол на пријателство меѓу децата.

„Оро без граници“ е празник на градот кој широко ги отвора вратите на Европа и на светот и е амбасадор на културата. Фестивалот придонесува за зачувување и презентирање на традицијата и на културата и за промовирање на знаменитостите по кои е препознатливо Скопје – вели директорот на фестивалот д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

Централниот настан се одржа во градскиот парк на Школка на 19.09.2025 со почеток во 19.00 часот. Фестивалот го отвори Директорката на ДКЦ-Карпош која зборувајќи за традицијата и културата ги најави гостите на фестивалот. Фестивалската програма како и секоја година, започна со традиционални македонски ора со настап на членовите на фолклорната секција при ДКЦ –Карпош. Фестивалот продолжи со настап на други фолклорно уметнички друштва каде публиката можеше да види испреплетување на култури и традиции кои ја претставија со своите уникатни костими и носии. Покрај домашните гости особена чест беше да се погледнат прекрасните ора и костими на гостите од културните уметнички друштва „Радомир Поповиќ“ и „Симонида“ - Ранилуг од Косовска Каменица.

Оро без граници е фестивал кој претставува и понатаму ќе претставува симбол на културата и пријателство меѓу децата од државата и странство, кој придонесува да се негува, зачувува и презентира традицијата и културата , кои претставуваат значаен белег на државата и градот Скопје.




МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА




МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА




МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
INTERNATIONAL CHILDREN FOLK FESTIVAL
DANCE WITHOUT BORDERS


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
INTERNATIONAL CHILDREN FOLK FESTIVAL


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА

## 10. Локален семинар - КреАрт

Град Скопје е составен дел од меѓународниот проект CreArt 3 (Network of Cities for Artistic Creation) - Креарт (Мрежа на градови за уметничко творештво) што претствува европска мрежа која обединува 13 градови од јавни и приватни културни институции.

На 7 октомври 2025 година од 9:00 часот во просториите на ЈУ. Детски културен центар -Карпош беше организиран Локален семинар на тема - Значењето на креативните индустрии. Партнер на овој семинар беше Град Скопје, кој е еден од 13 градови кој е вклучен во овој проект.

Семинарот го најави директорката на Центарот, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска која потенцираше дека Семинарот ќе опфати панел-дискусии за значењето на креативните индустрии кои се клучен сегмент во современото општество.

Во дискусијата се вклучија осум панелисти и говореа за влијанието на креативните индустрии врз пазарот на трудот, предизвиците со кои се соочуваат претприемачите во креативниот сектор, потенцијалот за развој преку соработка со јавни институции и локални заедници, како и ставање на фокус на иднината на креативните индустрии, преку призмата на дигитализацијата, младинската енергија и новите медиуми,

Модератор на настанот беше м-р Бојана Јанева – кустос. Панелистите кои дискутираа во првата сесија на тема „Креативните индустрии – економски и општествен двигател“ беа:

- Мирјана Јосифоска – основачка на моден бренд Мирјана Јосифоска
- Теодор Тодоровски – Генерален директор на Првата македонска П2П Финтек платформа за инвестирање
- Елена Бојаџиева Цветковска – професор и креативен директор на УМПАКИ
- Ивана Каралиева Петреска - CEO на Бокси

Во втората сесија на тема „Иднината на креативните индустрии – млади, технологија и иновации“ дискутираа:

- Митко Апостолов - машински инженер
- Катерина Илијоска - еко активист и ко-основач на здружението Yess for Less
- Илија Тирицовски - креативен продуцент
- Крсто Златков – советник за кариера и личен развој и консултант за маркетинг и продажба на МСП и основач на првиот самостоен кариерен центар „I“

На Семинарот се говореше за соочување со климатските промени, еколошката катастрофа и одпадот кој е голем проблем како кај нас така и во светот и како би се решил тој глобален проблем. Преку кратки видеа и дискусија ја приближија  оваа тема и ја приклучија кон креативните индустрии. Тие нагласија дека природата треба да се чува, а од одпадот може да се прават разни модни креации кои исто така спаѓаат во креативните индустрии.

Се говореше и за креациите на 3Д печатењето како идна замена на многу продукти кои се дел од секојдневието. Една од главните теми беше Вештачката интелегенција и како таа влијае на креативните индустрии, колку и како се користи.

Во публиката главно беа ученици од гимназиите од Скопје и  студенти од Европскиот универзитет-Скопје, насока графички и внатрешен дизајн. Голем успех на семинарот беше што панелистите успеаа да го задржат нивното внимание и да одговорат на поставените прашања.












CreArt
3.0




BOKSY APP – HQ SCREEN TIME IN LOCAL LANGUAGE
CreArt
3.0


CreArt
3.0





# II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

## 1. ПОДКАСТ- Детски светови

Детски поткаст со наслов „Детски светови“ беше реализиран преку целата година и се прикажуваше на YouTube каналот на ЈУ. Детски културен центар „Карпош“. Целта на Подкастот беше да понуди едукативна и забавна содржина наменета за деца. Поткастот се снимаше на месечно ниво, при што се реализираше по една епизода секој месец. Во секоја епизода беа обработувани различни теми блиски до детскиот свет, со фокус на учење, креативност, дружење и развој на позитивни вредности кај децата. Преку овој формат се поттикнуваше љубопитноста и активното слушање кај најмладата публика.

На линкот се поставени сите подкасти кои се прикажаа преку целата година.

**https://www.youtube.com/@detskikulturencentarkarpos652**

## 2. Гостување на фолклорниот ансамбл на ДКЦ-Карпош на манифестацијата ,, Велики поклади" - Прочка

На 2 март 2025 година  детскиот фолклорен анасмбл при ДКЦ Карпош под водство на Марко Младеновски - етнокореолог и Јулијана Јакофоска Георгиевска - етнолог, настапи на манифестацијата ,, Велики поклади" - Прочка 2025 која беше во организација на ЖКУД ,,Владо Тасевски" од Скопје.












## 3. Играм и пеам за мојата мајка

Во ЈУ. Детскиот културен центар-„Карпош“ беше отворена изложба на цртежи и честитки изработени од најмалите, децата од предучилишните установи од Скопје. Оваа година творбите беа под мото - Љубов и насмевка за сите жени.

Изложбата се одржа по повод празникот 8 Март - Меѓународен ден на жената и е дел од музичко креативниот настан „Играм и пеам за мојата мајка“.

На наша покана, од градинките пристигнаа прекрасни ликовни творби кои ги изработија најмалите, децата од скопските градинки. Преку нивните творби (честитките и цртежите) се рефлектираа нивните чисти и нежни чувства, а исто така може да се види колку далеку одат детската креативност и фантазија, но и како тие си ја замислуваат својата мајка-жената и која е нејзината улога во нивниот живот.

Покрај изложбата за децата од градинките беше организирана и пригодна програма. Оваа година гостинка во ДКЦ-Карпош беше Ива Матиќ, единствената жена - пилот на воен авион, а сега пилот на авион од комерцијален тип на компанијата Wizz Air. Ива одговараше на многуте прашања поврзани со нејзината професија, но исто така им објасни на децата како се управува со авион и дека секоја жена може да биде успешна во било која професија за која ќе се определи.

Изложбата беше отворена во просториите на ДКЦ „Карпош“ на 07.03.2025 година со почеток во 10:00 часот.










МАЈСКИ ЦВЕТ







## 4. Едукативна шаховска работилница

Во склоп на работилницата Квиз Бамбини во предучилишната установа „13 Ноември“, во два клона од оваа градинка, се одржаа едукативни шаховски работилници на кои најмалите за прв пат се сретнаа со овој спорт кој за нив е првиот чекор кон посериозен когнитивен развој и радосно искуство кон овој специфичен спорт.









## 5. Турнир во шах

Уште една наша гордост со која можеме да се пофалиме е младиот шахист Калин Граматиков.

На Youth chess tournament - 2025 кој се одржа во ООУ „Наум Наумовски Борче“- Скопје, нашиот член Калин беше најуспешен во категоријата до 7 години. На турнирот учествуваа 120 талентирани шахисти од Македонија и странство.









## 6. Одбележување на Светскиот ден на пинг-понг

На 23 април во ДКЦ Карпош членовите на пинпонгарската секција успешно одиграа турнир во пинг-понг и тоа во две дисциплини, поединачно и во парови. Со овој турнир се одбележа 23 април- Светскиот ден на пинг-понгот.











## 7. Одбележување на денот на пингвините

Во посета на Зоолошка градина – Скопје по повод Светскиот ден на пингвините, со првачињата од ООУ „Коле Неделковски“-Центар. Едукација, танцување, пеење и ликовна изложба пред живеалиштето на пингвините.











# 8. Етно креативна работилница

# со учениците од ООУ „Вера Јоциќ“

Во топла и креативна атмосфера, успешно се реализираше етно креативна работилница каде учениците од III- 3 одделение од ООУ „Вера Јоциќ“ со наставничката Кристина имаа можност да ја запознаат традиционалната македонска носија и нејзината симболика.

Беше објаснето за богатството на македонската носија, секој вез, боја и орнамент, кој носи своја приказна, откривајќи ги нејзините значења и уникатни мотиви.

Визуелно им беше прикажан краток документарен филм врз база на теренски истражувања со етнолошки и етнокореолошки елементи.

Учениците не само што слушаа, туку и активно создаваа. Секоја изработка беше уникатна, како и културното наследство што го носиме.

Се запознаа и со народните инструменти и со звукот што го создава секој од нив.

Оваа работилница уште еднаш покажа дека традицијата може да живее преку уметноста и ракотворбите инспирирајќи ги новите генерации.
Работилницата ја одржаа етнокореолог Марко Младеновски и етнолог Јулијана Јакофоска Георгиевска, двајцата вработени во Центарот.









Сончева Светлина
Глукоза
Јаглерод Диоксид
Кислород
Сончева Енергија


Јаглерод Диоксид
Сончева Енергија


Сончева Светлина
Глукоза
Јаглерод Диоксид
Кислород


Јаглерод Диоксид
Кислород






Корен
Минерали
Вода



## 9. Посета на ДКЦ Карпош на учениците од ООУ „Драга Стојановска“

На 16 мај во ДКЦ-Карпош на посета ни дојдоа учениците од ООУ „Драга Стојановска“ - Добри Дол, од мешана паралелка во која учат деца од 6 до 12 години кои беа придружувани од своите наставнички Магдалена Тоневска Симоновска и Елизабета Крстевска. Децата преку презентација ги запознавме со сите активности и секции кои се одвиваат во нашиот Центар. Тие се запознаа со првите балетски чекори, со првите фолклорни чекори на македонското оро, со првите ноти на класичната гитара и за крај спортска активност пинг-понг. Покрај овие активности тие беа дел од Етно креативната работилница каде изработија Стомна со срма, срмен конец и парички.











## 10. Цртање на асфалт

ЈУ. Детски културен центар – Карпош и оваа година ја реализираше манифестацијата „Цртање на асфалт“ која е со традиција повеќе од 40 години и се одржува по повод 24 Мај - денот на македонските просветители Св.Кирил и Методиј. На оваа манифестација учествуваат најмалите, децата од предшколските установи од Скопје. Оваа година на манифестацијата учествуваа деца од 12 предучилишни установи.

ДКЦ „Карпош“ секоја година обезбедува материјали за цртање, пригодна програма, запознавање на децата кое е значењето и зошто се одбележува овој голем ден како празник.

Манифестацијата „Цртање на асфалт“ оваа година се одржа на летната сцена и во дворот на ДКЦ Карпош на 23 мај од 10:00 часот под мотото - Ја учам азбуката, моите први букви.









## 11. Годишен завршен Јавен час

На 18, 30 и 31 мај 2025 година во просториите на ДКЦ Карпош и во Салон 19/19 - Киц се одржа годишен Јавен час на кои настапија членовите од сите секции кои се одржуваат во ДКЦ-Карпош. Балетската секција својот Јавен час го имаше на Фестивалот за класичен балет и модерен танц, а фолклорната, класична гитара, кларинет, драмска и ликовна секција својот Јавен час го оддржаа во КИЦ 19/19. Драмската секција ја заврши годината со претставата „Весели маски“. Сите членови беа наградени со дипломи за успешно завршена година.

Во Центарот дипломи за успешно завршена година добија членовите од музичката секција каде се изучуваат традиционални инструменти тапан, гајда, тамбура и кларинет. Во ДКЦ Карпош исто така на 9 јуни се одржаа и завршните часови по шах и турнир во пинг-понг, во машка, женска и мешана категорија .












ЈУ Детски културен центар
КАРПОШ
детски културен центар
КАРПОШ











## 12. Летна активност-„Летна радост во Карпош’

„Летна радост во Карпош“ е организиран летен престој од ЈУ. Детскиот културен центар Карпош, наменет за деца на возраст од 7 до 11 години. Програмата нудеше безбедно, инспиративно и креативно катче каде децата имаа можност да го исполнат своето лето со уметност, музика, спорт и забава, преку организирани активности во топла и пријателска атмосфера.

Во текот на денот, децата учествуваа во разновидни активности како: балет, фолклор, гитара, пинг понг, шах, цртање, кино-проекции, квиз, филозофска работилница, караоке забава, бонтон-Култура на однесување, ботаника, читање лектира, правење мозаик од природни материјали, везење, етно креативно катче, учење на работа на 3Д принтер, етнолошки и етнокореолошки работилници итн, распределени по забавен и динамичен распоред. Програмата беше внимателно осмислена за да поттикнува слобода на изразување, двигателен развој, логичко размислување и креативна комуникација меѓу децата, а воедно децата креативно и забавно да го искористат летниот распуст.

Летна радост во Карпош започна на 12.06 и траеше до 11.07.2025 година.
Цел на програмата:
Целта на „Летна радост во Карпош“ е:

- Да обезбеди содржајно, безбедно и квалитетно лето за децата
- Да ја поттикне креативноста, двигателната активност и тимскиот дух
- Да развие нови вештини преку културно-уметнички и спортски активности
- Да создаде пријателства и доживувања кои децата ќе ги паметат со насмевка




Tremolo




Tremolo









Tremolo








Сончева
Светлина
Гликоза
Јаглерод
Диоксид
Сончева Енергија
Корен
Вода

## 13. Движи се за здравје

На 22.09.2025 година на платото ЛОТУС во Градски парк по 11 пат успешно заврши манифестација „Движи се за здравје' која е во рамките на Европската недела на мобилност.

Голема благодарност до сите 16 градинки кои беа дел од оваа спортска активност како и до децата кои одлично ги поминаа сите поставени полигони и ни покажаа дека во нив секогаш има спортски дух и секогаш се спремни за спортски активности кои градат здрави животни навики за здрав раст и развој.

Голема благодарност до Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.











## 14. Квиз Бамбини

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ по втор пат оваа година ја реализираше работилницата квиз „Бамбини“, работилница која е наменета за децата од градинките во Скопје. Квизот се одржа во неколку скопски градинки и може да се каже дека како и првиот пат така и оваа година беше одлично прифатен од најмалите, децата од градинките. Квизот „Бамбини се одржа во градинките:ЈУДГ ОЦ „13 Ноември“ (Кукушка) – Општина Центар и ЈУДГ „Орце Николов“ (Бисерчињ) - Општина Карпош.

Оваа активност (работилница) ДКЦ - Карпош започна да ја реализира бидејќи предучилишниот период на детето е сетилен развој со кој се обидува да го запознае и разбере светот околу себе.

Во текот на предучилишниот развој децата, преку игра и интеракција учат. Интерактивните игри како квизот „Бамбини“ му дава можност на детето да ги научи и практикува основните социјални, емоционални вештини за решавање проблеми што ќе ги користи во текот на неговото школување и воопшто во неговиот животен развој, а сите деца учат на свој уникатен начин, посебно од интерактивни средби сеопфатно се извлекува најдоброто од детето.






## 15. Бела ноќ

Во организација на ЈУ. „Универзална сала“ оваа година се одржа 21 издание на „Бела ноќ“ , во која со различна програма беа вклучени сите културни институции од Скопје.

Во рамките на Бела ноќ која се одржа на 04.10.2025 година, ЈУ. „Детски културен центар „Карпош“ на овој настан учествуваше со ликовна изложба, со цртежи изработени од членовите на ликовната секција при Центарот.







## 16. Ученичка квизотека

Посебна чест е да се работи со деца, да се набљудува таква напредна генерација која е мотивирана кон големи успеси.

На Ученичка квизотека 2024/2025 учествуваа 50 основни училишта со по три натпреварувачи кои низ целиот циклус кој се состои од прашања од учебниците кои децата ги учат во 8 и 9 одделение, но секако има и прашања од забавен карактер како и општи прашања. Низ целиот циклус сите деца кои се натпреваруваа покажаа големо знаење.

Учениците од училиштата од градот Скопје фуриозно до самото финале во кое се докажаа како незаменлива генерација и докажаа дека училиштата имаат незаменлива улога во образованието со други зборови - се учи за знаење не за оценки .

Во финалниот натпревар учествуваа шест основни училишта, а победниците во овој циклус беа

1 Место - ООУ „Живко Брајковски“-Општина Бутел
2 Место - ООУ „Киро Глигоров“-Општина Центар
3 Место - ООУ „Дане Крапчев“-Општина Гази Баба









## 17. Солистички концерт на Коста Давчевски

На 27 октомври од 20:00 часот се одржа солистички концерт на класична гитара на младиот, но ГОЛЕМ уметник Коста Давчевски. Само со возраст од 14 години, тој веќе го освојува светот. Ни беше голема чест да го гледаме и слушаме младиот виртуоз и тоа баш во нашиот центар - ДКЦ „Карпош“.







## 18. Настап на фолклорниот ансамбл на ДКЦ „Карпош“ во Куманово

На 5 ноември по покана на КУД „Српски вез“ од Куманово, фолклорниот ансамбл на ДКЦ –Карпош ја имаше честа да биде гостин на овој прекрасен 12 Годишен концерт. Малите фолклорци како и секогаш блеснаа на сцената, а аплаузот од бројната публика беше најголем показател за одличниот настап.









## 19. Го градам мојот град

ЈУ. Детскиот културен центар „Карпош“ традиционално и оваа година го прослави празникот 13 Ноември – Денот на ослободувањето на Скопје со манифестацијата „Го градам мојот град“ на која учесници беа децата од предучилишните установи од Скопје.

Манифестацијата „Го градам мојот град“ има за цел да ги истакне детските творечки способности и детската креативност, а воедно и поопширно да ги запознае децата со денот 13 Ноември и неговото значење. На овој ден, децата од скопските градинки, по свој избор, од различни природни и други материјали изработија објект - макета на значајно обележје на Скопје. Токму затоа постои манифестацијата „Го градам мојот град (Скопје)“ која ги поттикнува најмладите да го сакаат и чуваат својот град.

Манифестацијата се одржа во просториите на ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ на 13 ноември 2025 година од 10:00 до 11:00 часот.











## 20. Шаховски турнир „Млади генијалци“

На 26.11.2025 во шаховскиот клуб на „Алкалоид“ шаховската секција на ДКЦ „Карпош“ го одржа својот редовен месечен тренинг турнир „Млади генијалци“, наменет за најмладите членови. Турнирот им овозможува на децата да го применат наученото, да стекнат самодоверба и да уживаат во шаховското дружење.

Како дополнителна мотивација, се доделија медали и дипломи за најуспешните учесници.







## 21. Спорт без пречки

на 17.12.2025 година во ДКЦ „Карпош“ се организираа спортски активности со кои го одбележавме месец декември, месец кој е посветен на деца со попреченост. Спортските активности се одржаа под мотото – Спорт без пречки.













## 22. Игри без граници-играта нема граници

На 11 ноември ДКЦ Карпош со спортски активности ја поддржа кампањата „Игри без граници-играта нема граници“ кој ја организира Националната федерација-Спорт за сите на Северна Македонија.











# 23. Новогодишен Јавен час – класична гитара и кларинет

На сцената во ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ на 12 декември се одржа новогодишен концерт – Јавен час каде се претставија децата членови од музичката секција. На концертот се претставија класичните гитаристи и децата кои цела година изучуваа кларинет. Под менторство на нашите вработени Георги Трајков и Марко Младеновски љубовта на овие инструменти се шири, се множи и споделува.














## 24. Новогодишен Јавен час

На 25 декември 2025 година во кино Фросина-МКЦ со презентација на сите секции на ДКЦ – Карпош заврши успешно тековната година. Со многу љубов, труд и посветеност децата членови на секциите во Центарот успешно ја заокружија 2025 година.














# III. СЕКЦИИ И РАБОТИЛНИЦИ ВО ДКЦ КАРПОШ

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ како културно образовна институција со долгогодишна традиција го организира и осмислува слободното време на децата во воспитно образовна и творечка работа, како во духот на македонската традиција така и во следење на новите светски достигнувања во Установите од овој тип.

Членувањето во секциите и работилниците придонесуваат за развивање и негување на таленти во различни области како и градење самодоверба кај децата.

***Секции и работилници кои се одржуваат во ДКЦ Карпош:***

- ✓ Играорна секција

  Генералната програмска определеност е негување на изворното и стилизирано македонско народно оро и песна. Од самото формирање, па се до денес, детскиот фолклорен ансамбл на „Карпош“ е вистински амбасадор на својата држава, а пред се на својата култура.





- ✓ Балетска секција

  Во балетската секција се изучуваат балетски движења и се создаваат кореографии од класичен и модерен балет. Часовите се одвиваат во три групи поделени според возраста на децата, каде што се изучуваат разни стилови — класичен балет, модерен и џез балет. Децата се подготвуваат за јавен час, како и учество на разни манифестации, фестивали и концерти.





✓ Ликовна секција

Ликовното воспитание и образование ја култивира личноста на детето и ги развива неговите творечки способноти. Преку ликовното изразување се пренесуваат знаења и естетски вредности, се развиваат способности преку кои детето ја развива и ослободува својата личност. Часовите по цртање и сликање се наменети за деца и млади кои покажуваат талент за ликовното изразување.





✓ Музичка секција-класична гитара

Часовите по класична гитара се изведуваат индивидуално, во зависност од тоа колку детето - член има познавање од свирење на овој инструмент. Се воведуваат во светот на музиката преку различни техники, учење на солфеж и теорија, ритам, кратки мелодии (од детски песни, класични композиции и популарни песни) прилагодени според возраста. Почетниците се запознаваат со музичката теорија, солфеж и гитарата како инструмент, додека децата кои веќе имаат познавање од музичката теорија, изучуваат кратки дела од познати светски композитори. Членовите на оваа секција учествуваат на многу манифестации и концерти кои ги организира ДКЦ Карпош како и посетуваат и натпревари по гитара.






- ✓ Музичка секција- изучување тапан, гајда....

Програмската определеност зависи пред се од програмските афинитети на традиционалните мелодии и генерациска можност на членовите кои изучуваат традиционални инструменти (тапан, гајда, тамбура и кавал). Генерална програмска определеност е негување на изворните инструменти како и на народното оро и песна.






- ✓ Музичка секција-КЛАРИНЕТ

Часовите за изучување на кларинет се изведуваат индивидуално, во зависност од тоа колку детето - член има познавање од свирење на овој инструмент.
Возраст која е најпогодна за изучување на кларинет се деца од 7 години до 14 години.
Почетниците се запознаваат со музичката теорија, солфеж и кларинетот како инструмент, додека децата кои веќе имаат познавање од музичката теорија, изучуваат кратки дела од познати македонски и светски композитори.
Членовите на оваа секција учествуваат на многу манифестации и концерти што ги организира Детски културен центар - „Карпош“ и посетуваат и натпревари по кларинет.






- ✓ Драмска секција

Драмското студио на Детскиот културен центар - „Карпош“ им обезбедува на децата простор за креативна игра во која им е дозволено да прават грешки и да експериментираат. Преку драмски претстави, сценско движење и импровизации, ја стимулираме имагинацијата, практикуваме критичко размислување и развиваме емпатија и толеранција.

Во драмското студио работиме на тоа децата да го задржат она што е најважно, а тоа е искреноста. Се работи на разбивање на стравот од јавен настап со помош на драмски игри и вежби во групи и индивидуално. Ги поставуваме темелите на актерскиот израз, сценскиот говор, сценското движење и заедно совладуваме разни театарски улоги. Зборуваме за емоциите и ги анализираме искуствата, креираме и промислуваме.

.



- ✓ Сценски движења

На оваа секција учесниците работат на поврзување и емотивно активирање на сопственото тело и изведување движења за зголемување на опсегот на движење и флуидност. Преку бавни удобни чекори и свесно движење се одржува координација на телото. На оваа секција, која е тесно поврзана со драмската секција може да предложите сопствени начини на движење, отвореност, следење и слушање на сопственото тело.





- ✓ Мултимедијално творештво

Основната идеја на секцијата за мултимедијално творештво е да им овозможи на децата таленти да учат за музиката, без оптоварување и правила. Нашиот концепт го дизајнираме според желбите и потребите на децата. Затоа сме тука да ги слушнеме, да создаваме, пееме, снимаме со нив и за нив. Пеењето и учењето различни мелодии на нашите часови се изведува со голема радост и ентузијазам.
За нас е важно на секое дете да му посветиме целосно внимание, за да го развие својот целосен музички потенцијал. Преку различни техники и преку работилници го усовршуваме детскиот талент и компонираме песна. Најзабавниот дел од нашата програма е снимањето во студио и слушањето на сопствениот глас во радио реклама. Можеби ќе им ја отвориме вратата на децата за успешна музичка кариера или за радио водителство, а ќе имаат убаво сеќавање кое засекогаш ќе биде запаметено.





- ✓ Пинг-понг

Пинг- понгот е активност од областа на спортот и рекреацијата кој со своите содржини го организира слободното време на децата. Пинг - понгарската секција е погодна да ги ангажира децата во слободна игра без ограничувања и пропозиции. Се организираат пинг-понгарски натпревари кои ги опфаќа учениците од повеќе основни и средни училишта.





- ✓ Шах

Шаховската секција е активност од областа на спортот и рекреацијата.Покрај редовните часови се организира и по разни поводи шаховска симултантка и натпревар во решавање на шаховски проблеми. Се организираат турнири, а на крајот од годината се организира и првенство во кое ќе бидат опфатени повеќе деца од основните училишта од Скопје.





**<u>Работилници</u>**

- ✓ Етно креативно катче

На овие етно работилници на децата на почетокот преку презентација им се презентира материјалот за изработка и предмети изработени од истата техника со етно мотиви која бара многу трпени и љубов. Исто така ги запознаваме со дел од нашето културно наследство, традиција и култура.





- ✓ Детска филозофија

Интерактивна работилница, која низ модефицирани литературни дела има за задача да ги интригира младите да се сконцентрираат на „подтекстот“- симболика, поука, емпатија за протагонистот и антагонистот. Импровизирано алтернативно сценарио **„Што би направиле ние“**





- ✓ Квиз Бамбини

Предучилишниот период на детето е сетилен развој со кој се обидува да го запознае и разбере светот околу себе.
Во тој ран период се развива чувства на припадност, сигурност и колективизам преку достигнувања во когнитивните, социјалните и моторичките вештини.
Во текот на предучилишниот развој децата, преку игра и интеракција учат. Интерактивните игри како квизот „Бамбини“ му дава можност на детето да ги научи и практикува основните социјални, емоционални вештини за решавање проблеми што ќе ги користи во текот на неговото школување и воопшто во неговиот животен развој, а сите деца учат на свој уникатен начин, посебно од интерактивни средби сеопфатно се извлекува најдоброто од детето.





# IV.КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

- Одржување на улични библиотеки

Во текот на месец јуни 2025 година се изврши санација и поправка на уличните библиотеки. Едната библиотека беше поставена во Ибни Пајко паркот, но истата беше уништена и од таа причина е префрлена во дворот на Педагошки факултет „Св. Климента Охридски“-Скопје. Другите две библиотеки се поставени во дворот на ДКЦ – Карпош и Кулпарк пред КИЦ. Имено уличните библиотеки се изложени на надворешни влијанија и треба редовно да се одржуваат, а исто така беа и доста оштетени.

За таа цел, уличните библиотеки се санирани и повторно се вратени во функција. Со одржувањето на уличните библиотеки ја јакнеме свеста кај граѓаните дека истите имаат цел да служат секому и нивниот изглед е карактеристичен. Книгите кои се наоѓаат во истите се позајмуваат, се читаат и се враќаат и уличните библиотеки работат на принципот на доверба. Нашата грижа за уличните библиотеки е континуиран процес и истата ќе продолжи и во иднина.

# V.СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УЧЕСНИЦИ

## I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

### ВКУПЕН БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ




### ПУБЛИКА



1. ДЕТСКИ СВЕТОВИ

ВКУПНО 36, МАШКИ 18, ДЕВОЈЧИЊА 18- ПУБЛИКА 2040




2. НАСТАП НА ФОЛКЛОРНАТА СЕКЦИЈА

13 ДЕВОЈЧИЊА-ПУБЛИКА 100



### 3. ИГРАМ И ПЕАМ ЗА МОЈАТА МАЈКА
**ВКУПНО 100 ДЕЦА, ДЕВОЈЧИЊА 50, МАШКИ 50**




### 4. ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ШАХ -13 НОЕМВРИ
**ВКУПНО 48, МАШКИ 24, ДЕВОЈЧИЊА 24**



**5. КРОС ТРКА**
**ВКУПНО 100 ДЕЦА – 50 МАШКИ, 50 ДЕВОЈЧИЊА**




**6. ТУРНИР ВО ШАХ -На турнирот учествуваа 120 талентирани шахисти од Македонија и странство. ДЕВОЈЧИЊА 10, МАШКИ 110**



**7. СВЕТСКИ ДЕН НА ПИНГ- ПОНГ**
**12 МАШКИ , ДЕВОЈЧИЊА 2, ВКУПНО 14**




**8. ЦРТАЊЕ НА АСФАЛТ**
**40 ДЕВОЈЧИЊА, 40 МАШКИ -ВКУПНО 80**



9. ГОДИШЕН ЗАВРШЕН ЈАВЕН ЧАС

**ФОЛКЛОР, БАЛЕТ, ГИТАРА, КЛАРИНЕТ, ЛИКОВНО, ПИНГ-ПОНГ, ШАХ -70 ДЕВОЈЧИЊА, 75 МАШКИ- ВКУПНО 145 ДЕЦА-ПУБЛИКА 150**




10. ДРАМСКА ПРЕТСТАВА - ВЕСЕЛИ МАСКИ

**15 ДЕВОЈЧИЊА, 7 МАШКИ-ВКУПНО 22 - ПУБЛИКА 50**



**11. ЕТНО РАБОТИЛНИЦА**

**30 ДЕВОЈЧИЊА, 30 МАШКИ-ВКУПНО 60 ДЕЦА**




**12. ДЕТСКА РАДОСТ ВО КАРПОШ**

**5 ДЕВОЈЧИЊА, 2 МАШКИ-ВКУПНО 7 ДЕЦА**



**13. ДВИЖИ СЕ ЗА ЗДРАВЈЕ**
**100 ДЕВОЈЧИЊА , 70 МАШКИ -ВКУПНО 170 ДЕЦА**




**14. КВИЗ БАМБИНИ**
**ВКУПНО 48, МАШКИ 24, ДЕВОЈЧИЊА 24**



### 15. БЕЛА НОЌ–ПОСЕТИТЕЛИ 40




### 16. УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ – „УЧЕНИЧКА КВИЗОТЕКА“

**- Учество на 50 основни училишта по 3 учесници: 150 учесници- 105 девојчиња, 45 машки**



**17. СОЛИСТИЧКИ КОНЦЕРТ НА**

**КОСТА ДАВЧЕВСКИ - 60 ПУБЛИКА**




**18. НАСТАП НА ФОЛКЛОРНА СЕКЦИЈА- КУМАНОВО**
**18 ДЕВОЈЧИЊА, 1 МАШКО**




**19. ГО ГРАДАМ МОЈОТ ГРАД**
**ДЕВОЈЧИЊА 60**
**МАШКИ 60**
**ВКУПНО 120**




**20. ШАХОВСКИ ТУРНИР „МЛАДИ ГЕНИЈАЛЦИ “-**
**30 МАШКИ**
**30 ДЕВОЈЧИЊА- ВКУПНО 60**



**21. СВЕТСКИ ДЕН НА ПИНГВИНИТЕ**
**ДЕВОЈЧИЊА 20, МАШКИ 10**
**ВКУПНО 30**




**22. СВЕТСКИ ДЕН НА ПИНГ-ПОНГ**
**12 МАШКИ , 2 ДЕВОЈЧИЊА**
**ВКУПНО 14**




**23. СПОРТ БЕЗ ПРЕЧКИ**

**МАШКИ 13, ДЕВОЈЧИЊА 3, ВКУПНО 16**




**24. НОВОГОДИШЕН ЈАВЕН ЧАС**
**КЛАСИЧНА ГИТАРА ГИТАРА, КЛАРИНЕТ-15,МАШКИ,15 ДЕВОЈЧИЊА**



## 25. НОВОГОДИШЕН ЈАВЕН ЧАС

**50 ДЕВОЈЧИЊА, 20 МАШКИ, ВКУПНО 70, ПУБЛИКА 300**




## 26. ИГРИ БЕЗ ГРАНИЦИ- ИГРАТА НЕМА ГРАНИЦА

**Вкупно 22 деца – 15 Девојчиња, 7 машки**



## ФОЛКЛОРНА СЕКЦИЈА

**- Девојчиња 44, машки 6 - Вкупно 50 деца**




## БАЛЕТСКА СЕКЦИЈА

**- Во три групи ; мала група 25 деца, средна група 19 деца, голема група 16 девојчиња -Вкупно 60 деца**



**ЛИКОВНА СЕКЦИЈА**
**17 девојчиња, 3 машки –Вкупно 20 деца**




**КЛАРИНЕТ**
**Вкупно 4, Машки 3, девојчиња 1**




**КЛАСИЧНА ГИТАРА**
**Вкупно 26 деца 15 машки,**
**11 девојчиња**



**НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ**

**Вкупно 7 деца,**
**девојчиња 2, машки 5**




**МУЛТИМЕДИЈАЛНО ТВОРЕШТВО**

**Вкупно 10 деца, 5 девојчиња**
**5 машки**




**ПИНГ-ПОНГ**

**Вкупно 12 деца,10 машки**
**2 девојчиња**




**ШАХ**

**Вкупно 23 деца, 18 машки,**
**5 девојчиња**



**ДРАМСКА СЕКЦИЈА**

**Вкупно 22 деца,**
**7 машки, 15 девојчиња**




**СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА**

**Вкупно 10 деца, 10 девојчиња**




**РАБОТИЛНИЦИ ПО ДЕТСКА ФИЛОЗОФИЈА**

**Вкупно 189 деца ,**
**107 девојчиња**
**82 машки**




**ЕТНОКРЕАТИВНО КАТЧЕ**

**Вкупно 6 девојчиња**



## КВИЗ БАМБИНИ

**ВКУПНО 48, МАШКИ 24, ДЕВОЈЧИЊА 24**




Изготвил:

Програмски организатор

Ирина Костовска

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2025
## за буџетска сметка 785010962860318
## при ЈУ Детски културен центар Карпош

Остварени приходи од Град Скопје по сите основи

741111- Трансфери од други нивоа на власт ...... 5.028.586,оо

Образложение на ставка:

(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за тројца вработени, средства за реализација на одобрена програма за 2025 година, наменски надоместок за членови на Управен и Надзорен одбор за 2025 година,).

Вкупно расходи:

По групи:

401 - Основни плати .................................. 2.065.184,оо

402 - Придонеси за социјално осигурување...... 800.290,оо

404 – Надоместоци (К-15) ................................ 37.116,оо

425 – Договорни услуги .................................. 24.446,оо

(наменски надометок за членовите од Управен и Надзорен одбор за 2025 година).

464 – Разни трансфери ........................... 1.990.560,оо

(реализација на одобрена програма за 2024 година)

480- Купување на опрема и машини................. 71.000,оо

(купување на сет наглавни микрофони)

481 – Градежни објекти .................................. 39.990,оо

(поправка на улична библиотека)

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# за периодот 01.01 - 31.12.2025
# за буџетска сметка 1801009628-603-18
# при ЈУ Детски културен центар Карпош

Остварени приходи од Министерство за култура и туризам по сите основи:

741111- Трансфери од други нивоа на власт ........ 300.000,оо

Образложение на ставка:

(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Министерство за култура и туризам за реализација на одобрена програма за 2025 година).

Вкупно расходи:

По групи:

464 – Други оперативни расходи ................ 300.000,оо
(реализација на одобрена програма за 2025 година)

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# за периодот 01.01 - 31.12.2025
# за буџетска сметка 785010962890310
# при ЈУ Детски културен центар Карпош

Остварени приходи од Град Скопје по сите основи

741111- Трансфери од други нивоа на власт ....10.138.465,оо

Образложение на ставка:
(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за десет вработени и одобрено средства за режиски трошоци)

Вкупно расходи:

По конта:

401 - Основни плати ........................................... 6.315.010,оо

402 - Придонеси за социјално осигурување ...... 2.451.735,оо

404 – Надоместоци (К-15) ..................................... 123.720,оо

421 – Комунални услуги, греење, комуникација ...1.248.000,оо

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## за периодот 01.01 - 31.12.2025
## за буџетска сметка 7850109628-787-15
## при ЈУ Детски културен центар Карпош

Вкупно остварени приходи по групи:

723 - Такси и надоместоци ............................... 1.360.725,оо
(Ова ставка подразбира приходи кои се остварени по пат на уплата на членарина по секции во институцијата од областата на културата)
725 – Останати неданочни приходи ..................... 478.828,оо

741 – Пренесено салдо од 2024 година ..............155.001,оо

Вкупно трошоци по конта:

420 - Патни и дневни расходи......................... 23.998,оо
(Оваа ставка подразбира патни трошоци за присутво на обуки)

421- Комунални услуги, греење, комуникација …... 26.236,оо
(Комунални услуги за потребите на установата)

423 – Материјали и ситен инвентар ....................... 64.946,оо
(Оваа ставка подрзабира канцелариски материјали за потребите на институцијата, средства за хигиена спроведени по пат на јавна набавка и материјали за разни поправки: рачки, сијалици, силикон, мрсна боја, штрафови, типли, шајки,закачалки....)

424 – Поправки и тековно одржување ................. 102.498,оо
(Оваа ставка подразбира сервисирање на службеното возило, месечно одржување на платформата за лица со посебни потреби, одржување на ПП апарати)

425 – Договорни услуги ..................................... 535.435,оо

(Оваа ставка подразбира изнајмување на простор, осигурување на недвижности, осигурување на целокупниот објект, осигурување на службено возило и осигурување на вработените, правни услуги и хонорари за ангажирани лица за одржување на секции)

426 – Други тековни расходи ................................. 52.444,оо

(Оваа ставка подразбира објавување на огласи за јавни набавки, семинари, камати за плата, уплата за завршна сметка)

464 – Разни трансфери......................................... 682.742,оо

(Оваа ставка подразбира уплата за ЦИП бројчиња од Универзитетска библиотека за книги, каталози во издание на ДКЦ Карпош и авторски хонорари за ангажирани лица за потребите на центарот)

Директор
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска